ООУ “ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВАСИЛЕВО, ОПШТИНА ВАСИЛЕВО

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2021/22

септември 2022, Василево

Вовед:

Годишниот извештај за работа на ООУ Гоце Делчев, Василево е изработен според Законот за Основно образование, Статутот на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето како и анекс програмите кои се составен дел на Годишната програма, извештаите од минатите учебни години и насоките од Биро за развој на образование.

Целта и задачите на Извештајот е да се проследат материјално техничките услови за работа во училиштето, организацијата и начинот на остварување на воспитно-образовната работа во училиштето, облиците на наставна и воннаставна активност, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, следењето, вреднувањето и унапредувањето на воспитно-образовната работа во училиштето и успехот на учениците . Извештајот опфаќа : подготовки за работа на училиштето, реализација на воспитно-образовната работа согласно Годишната програма за работа на училиштето, табеларни прегледи. При изготвување на извештајот посебно акцент се стави на постигнатиот успех на учениците, нивното поведение и редовноста на учениците

Во извештајот се содржани информации за остварување на Годишната програма, а во него посебно се презентирани состојбите во врска со успехот, поведението и редовноста на учениците, како и постигнатите резултати на учениците и наставниците.

Во годишниот извештај квантитативно се претставени ангажирањата на наставниците и стручните соработници во рамките на нивната 40-часовна работна недела и токму поради тоа тој содржи факти и информации од аспект на:

- Ангажирање на наставниците во реализацијата на наставата;

- Ангажирање на наставниците во реализацијата на значајните активности: значајни датуми, екскурзии, ученички натпревари , изложби, конкурси и сл.;

- Ангажирање на наставниците во работата на стручните органи: одделенско раководство, одделенски совети, стручни активи, наставнички совет и други стручни тимови.

- Ангажирање во реализација на програмите на другите органи и организации: совет на родители, училишен одбор, одделенски заедници, детска организација, подмладок на Црвен крст, ученички клубови, спортски активности и сл.;

- Ангажирање во реализација на други посебни програми од воспитно-образовниот процес: грижа за здравјето на учениците, заштита на животната средина, општествено-корисна работа, уредување на училиштето;

- Ангажирање во реализација на програмите за унапредување на наставата и оценувањето;

- Ангажирање во реализација на програмата за стручно усовршување и професионален развој на кадарот;

- Ангажирање во реализацијата на програмата за соработка со општествената средина: соработка со родителите, соработка со општината, соработка со МОН и неговите единици, соработка со невладини организации, соработка со други училишта;

- Ангажирање на стручните соработници и директорот во реализација на нивните програми;

Целите и задачите на основното образование и воспитание, училиштето ги остварува согласно Законот за основно образование, основна дејност на училиштето е образување и воспитување на деца од 6 – 16 годишна возраст..

Извештајот е изготвен од страна на стручната служба во соработка со директорот и тим од наставници.

Лична карта на училиштето

Општинското основно училиште Гоце Делчев, Василево се наоѓа во населеното место Василево , општина Василево , при што ги опфаќа учениците од населените места Василево, Ангелци, Градашорци, Дукатино, Радичево, Сушево, Владевци,Седларци и Едрениково.

Име на училиштето	ООУ Гоце Делчев
Адреса	Бр.34 Василево
Телефон/факс	034 354 -039
општина	Василево
Е -mail	oougd_vasilevo@yahoo.com
Директор	в.д .Директор Дејан Стојанов
Подрачни училишта	7
Број на вработени	100
Број на ученици	640
Наставен јазик	Македонски и турски

Услови за работа на училиштето

Учебната година започна на 01.09.2021 година , за почетокот на учебната година беа направени потребните подготовки и се создадени услови за работа.

Во матичното и во сите подрачни училишта извршена е дезинфекција , дезинсекција и дератизација ,а воедно се направени поправки на ситен инвентар со цел подобрување на условите за работа. Во подрачните училишта во Ангелци и Сушево се инсталирани паметни табли за учениците од четврто одделение

На почетокот на учебната година беше утврден бројот на запишани ученици, родителите беа навремено известени и уписот на учениците помина во најдобар ред. Оваа учебна година на ниво на училиште во прво одделение се запишани 77 ученици. Од вкупниот број на деца кои по список требаше да се запишат во училиштето 31 дете се во странство, а 1 дете во други училишта во регионот. Сите запишани ученици се со уреден вакцинален статус. Наставниот кадар кој ја реализира наставата во одделенска и предметна настава е утврден на почетокот на учебната година.

За почетокот на учебната година беа превземени сите потребни активности за подобрување на просторните услови.

Училиштето својата цел ја остварува преку содржини во подрачјата: јазик и литература, математика, природни науки, техничко образование, физичко и здравствено образование и уметничко образование.

1. Наставни планови

Во училиштето се применуваат наставни планови изготвени од Биро за развој на образование одобрени од МОН. Во наставниот план за учебната 2021/22 год. понудени се изборни предмети во трето одд. – јазик и култура на Власите, Ромите, Бошњаците, Србите и Турците.

Во оваа учебна година за учениците од прво, второ и трето одделение наставата по физичко и здравствено образование ќе ја реализираат тандем наставници:одделенски наставник и наставник по физичко и здравствено образование.

Од оваа учебна година согласно концепцијата за основно образование има промени во наставните планови за прво и четврто одделение, во четврто одд.има два нови наставни предмети историја и општество , техничко образование и информатика.

Учениците избираат два слободни изборни предмети во текот на учебната година ,еден во прво полугодие , друг во второ полугодие од листа на слободни изборни предмети утврдени во училиштето.Од прво до трето одд. слободните изборни предмети се реализираат како слободни активности, за четврто одд. во прво полугодие е изборен цртање,сликање и вајарство, а во второ полугодие заштита на животната средина.

Одд.	задолжителни	изборни	Час на одделенската заедница
прво	20	-	
второ	23	-	1
трето	26	1	1
четврто	23(25)	1-2	1
петто	28(30)	1-2	1
шесто	28 (31)	1-3	1
седмо	26 (29)	1-3	1
осмо	29 (31)	1-3	1
деветто	30 (32)	1-3	1

Според дадената табела се гледа како изгледа оптовареноста на учениците со неделен фонд на часови:

Преглед на реализирани часови во одделенска и предметна настава

Одделенска настава на македонски наставен јазик

Одделение	прво			второ			трето			четврто			петто		
предмети	**План.**	**Реал.**	**%**	**План.**	**Реал.**	**%**	**План.**	**Реа.**	**%**	**План.**	**Реал.**	**%**	**План.**	**Реал.**	**%**
Мак.јазик	1800	1447	80,38	2160	1729	80,00	1944	1527	78,54	1800	1449	80,50	1800	1449	80,50
Англ.јазик	720	585	81,25	720	583	80,97	972	748	76,95	1080	861	79,72	1080	861	79,72
Математика	1800	1448	80,44	1800	1449	80,50	1620	1290	79,62	1800	1449	80,50	1800	1449	80,50
Историја и општество										720	576	80,00			
Техничко образ и информатика										360	291	80,83			
Ликовно образ.	360	287	79,72	720	575	81,25	648	500	77,16	360	287	79,72	720	577	80,13
Музичко образ.	360	289	80,27	720	582	80,83	648	512	79,01	360	288	80,00	720	560	77,77
Работа со компјутери							648	513	79,17				720	552	76,66
Техничко образ.													720	566	78,61
Општество	360	290	80,55	360	290	80,55	324	254	78,39				720	578	80,27
Физ. И здрав.обр.	1080	855	79,16	1080	852	78,88	972	750	77,16	1080	865	79,72	1080	868	80,37
Природни науки	720	585	81,25	720	585	81,25	648	515	79,47	720	580	80,55	720	574	79,72
Слободен изборен предмет	720	576	80,00							720	553	76,80			

Одделенска настава на турски наставен јазик

Одделение	прво			второ			трето			четврто			петто		
предмети	План.	Реал.	%	План.	Реал.		План.	Реал.	%	План.	реал	%	План.	Реал.	%
Турски јазик	180	161	89,44	216	181	83,79	216	181	83,79	216	161	74,53	216	161	74,53
Мак.тур.пар.										72	63	87,5	72	63	87,5
Англиски јазик	72	60	83,33	72	63	87,5	108	95	87,96	108	95	87,96	108	94	87,03
Математика	180	161	89,44	180	160	88,88	180	160	88,88	180	161	89,44	180	161	89,44
Историја и општество										72	62	86,11			
Техничко образ.и инф.										36	34	94,44			
Ликовно образ.	36	34	94,44	72	61	84,72	72	61	84,72	36	34	94,44	72	61	84,72
Музичко образ.	36	33	91,66	72	67	93,05	72	67	93,05	36	31	86,11	72	64	88,88
Техничко образ.													72	62	86,11
Работа со компјутер							72	63	87,5				72	68	94,44
Општество	36	33	91,66	36	33	91,66	36	33	91,66				72	61	84,72
Физ. и здр.обр.	108	96	88,88	108	96	88,88	108	96	88,88	108	96	88,88	108	98	90,74
Природни науки	72	65	90,27	72	65	90,27	72			72	65	90,27	72	63	87,5
Слободен изборен предмет										72	64	88,88			

Предметна настава

одделение	шесто			седмо			осмо			деветто		
предмети	План.	Реал.	%	План.	Реал.	%	План.	Реал.	%	План.	Реал.	%
Македонски јазик	720	640	88,88	720	649	90,14	720	630	87,5	576	510	88,54
Англиски јазик	540	484	89,62	540	486	90,00	540	486	90,00	432	385	89,12
Француски јазик	288	255	88,54	144	128	88,89	216	187	87,5	72	63	87,5
Германски јазик	72	62	86,11	216	186	86,11	144	124	86,11	216	178	82,41
Математика	900	808	89,77	720	642	89,17	720	636	88,93	576	508	88,19
Историја	360	290	80,55	360	295	81,94	360	329	91,39	288	262	90,97
Географија	360	325	90,27	360	323	89,72	360	327	90,83	288	264	91,67
Етика				180	154	85,56						
Природни науки	360	319	88,61									
Граганско образование							180	164	91,11	144	132	91,67
Иновации										144	126	87,50
Биологија				360	322	89,44	360	322	89,44	288	256	88,89
Информатика	360	274	76,11	180	138	76,67						
Мак. јазик во турските парал.	108	91	84,25	108	90	83,33	72	66	91,67	72	64	88,89
Физика							360	317	88,06	288	250	86,80
Хемија							360	305	84,72	288	243	84,38
Техничко образование	180	152	84,44									
Ликовно образование	180	166	92,9	180	160	87,89	180	160	88,89	144	126	87,50
Музичко образование	180	158	87,87	180	162	90,00	180	163	90,56	144	127	88,19
Физ. и здрав.образ.	540	473	87,59	540	476	88,15	540	471	87,22	432	386	89,35

Помалиот процент на реализирани часови се должи на продолжениот зимски распуст за учениците како и штрајкот на наставниците.

Изборна настава

Во текот на месец мај и јуни со анкета на родителите и учениците се утврдени изборните предмети кои ќе ги изучуваат во учебната 2021/2022 година . Од понудените изборни предмети се избрани:

Одделение	Изборен предмет	Неделен фонд	Бр. на реализирани часови
шесто	Етика во религиите	2	172
седмо	Вештини на живеење	2	102
	Проекти од информатика	2	28
	Проекти од ликовна уметност	2	34
осмо	Техничко образование	2	132
	Проекти од информатика	2	23
деветто	Техничко образование	2	64
	Танци и народни ора	2	34
	Проекти од информатика	2	26

Дополнителна настава и додатна настава:

Во паралелките од второ до петто оддееление на македонски наставен јазик се реализирани вкупно 1706 часа дополнителна и додатна настава, 186 часа слободни ученички активности а на турски наставен јазик реализирале 109 часа дополнителна и додатна наставаи 125 часа слободни ученички активности. Во паралелките од шесто до деветто одделение се реализирани вкупно 67 часа , а вкупно 52 часа слободни ученички активности

2.Постигања на учениците

Учениците се распоредени во вкупно 54 паралелки од кои 19 паралелки во предметна настава , а останатите 35 паралелки во одделенска настава од кои 11 паралелки се комбинирани по две и три одделенија . Учениците од прво до трето одделение се оценети описно , додека останатите ученици се бројчано оценети.

Од вкупниот број ученици 423 ученици се бројчано оценети, а 20 ученици се неоценети поради подолго отсуство од настава.

Табеларен и графички приказ на општиот годишен успех по одделенија

Македонски наставен јазик		одлични	Мн.добри	добри	доволни	Со 1сл.	Со 2сл.	Со 3 сл.	Неоценети
прво	52	Учениците се описно оценети							2
второ	56	Учениците се описно оценети							/
трето	57	Учениците се описно оценети							2
Четврто	68	33	12	10	10				3
петто	50	28	7	8	7				
вкупно	283	61	19	18	17				7

турски наставен јазик		одлични	Мн.добри	добри	доволни	Со 1сл.	Со 2сл.	Со 3 сл.	Неоценети
прво	22	Учениците се описно оценети							
второ	16	Учениците се описно оценети							
трето	14	Учениците се описно оценети							
Четврто	13	4	4	5	/				/
петто	23	11	5	5	2				/
вкупно	88	15	9	10	2				

		одлични	Мн.добри	добри	доволни	Со 1сл.	Со 2сл.	Со 3 сл.	Неоценети
шесто	85	21	17	23	16				4
седмо	84	28	13	27	13				3
осмо	65	18	14	15	9	3			6
деветто	35	6	7	16	6				
шесто – деветто	269	73	51	81	44	3			13

За учениците од турската заедница

	одлични	Мн.добри	добри	доволни	Со 1сл.	Со 2сл.	Со 3 сл.	Неоценети
шесто		1	14	18				4
седмо	/	2	12	9				/
осмо	1	2	6	6	1			
деветто	1	1	6	3				
шесто – деветто	2	6	38	36	1			4



1.Графички приказ на успехот за четврто од одделение на македонски наставен јазик



2.Графички приказ на успехот за петто одделение на македонски наставен јазик



3.Графички приказ на успехот за четврто- петто одделение на македонски наставен јазик



4.Графички приказ на успехот за четврто одделение на турски наставен јазик



5.Графички приказ на успехот за петто одделение на турски наставен јазик



6.Графички приказ на успехот за четврто- петто одделение на турски наставен јазик



7.Графички приказ на успехот за шесто одделение



8.Графички приказ на успехот за седмо одделение



9.Графички приказ на успехот за осмо одделение



10.Графички приказ на успехот за деветто одделение



11.Графички приказ на успехот од шесто - деветто одделение

Од вкупниот број ученици од четврто и петто одд на македонски јазик 51,69 % од учениците постигнале одличен успех , додека пак 41,67% од учениците кои следат настава на турски наставен јазик имаат одличен успех, додека 27,14 % од шесто до деветто одд. постигнале одличен успех.

Споредба на годишниот успех по пол за учениците од одделенска настава

успех	одлични		Мн.добри		добри		доволни		со1 сл.		со 2сл.		со3 сл.		неоценети	
Одд.	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
четврто-мак.јаз	10	23	5	7	9	1	7	3							/	3
Петто-мак.јаз	12	16	5	2	3	5	4	3								
четврто-тур.јаз	2	2	/	4	4	1	/	/								
петто-тур јазик	2	9	3	2	3	2	1	1								



Табела1. Споредба на годишниот успех по пол за учениците од одделенска настава

Споредба на годишниот успех по пол за учениците од предметна настава

успех	одлични		Мн.добри		добри		доволни		со1 сл.		со 2сл.		со3 сл.		неоценети	
Одд.	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж
шесто	6	5	12	5	12	11	13	3								
седмо	4	24	5	8	18	9	6	7							/	3
осмо	8	10	8	6	7	8	6	3	2	1					1	5
деветто	6	/	2	5	14	2	2	4								
шесто-деветто	24	39	27	24	51	30	27	17	2	1					1	8



Табела2. Споредба на годишниот успех по пол за учениците од предметна настава

Од графичкиот приказ може да се согледа дека процентот на одлични и мн.добри ученички е значително поголем за разлика од процентот на момчињата, додека пак процентот на ученици кои имаат три и повеќе слаби е поголем за разлики од процентот на ученички.

Успех на учениците по предмети од VII-IX одд.

предмети	Среден успех шесто одд.	Среден успех седмо одд.	Среден успех Осмо одд.	Среден успех деветто	Шесто - деветто
Македонски јазик	3,22	3,29	3,52	3,08	3,2775
Мак. за др.етнички заед.	2,4	3,10	3,15	4,00	3,16
Англиски јазик	3,25	3,32	3,32	3,11	3,25
Француски јазик	3,23	2,83	2,76	2,87	2,92
Германски јазик	3,77	3,59	4,30	3,00	3,67
Математика	3,3	3,29	3,03	2,60	3,056
Историја	3,8	4,21	3,49	3,40	3,73
Географија	3,6	3,61	3,77	3,34	3,58
Етика		3,40			3,4
Граганско образование			3,24	3,31	3,28
Иновации				3,48	3,48
Биологија		3,45	4,20	3,97	3,87
Природни науки	3,25				3,25
Информатика	3,46	3,58			3,52
Физика			2,95	2,60	2,78
Хемија			3,64	3,17	3,40
техничко	3,5				3,5
Ликовно образование	3,55	4,19	3,81	3,65	3,8
Музичко образование	3,8	4,09	4,07	4,31	4,07
Физичко и здравствено образование	4,42	4,35	4,44	4,22	4,36
Изборни					
Техничко образ.			3,87	4,25	4,06
Етика во религии	3,40				3,4
Вештини на живеење		4,13			4,13
Проекти од информатика		3,83	3,66	3,88	3,79
Проекти од ликовна уметност		3,50	3,6		3,55

Танци и народни ора				4,57	4,57
Среден успех	**3,46**	**3,64**	**3,60**	3,43	3,53

Од шесто до деветто одделение највисок успех учениците постигнале по наставниот предмет Физичко и здравствено образование, а додека најнисок успех во шесто одделение има по наставниот предмет македонски јазик за другите заедници, во седмо одделение по француски јазик , во осмо одделение по француски јазик, во деветто одделение по математика и физика , од шесто до деветто одделение најнисок успех постигнале по наставниот предмет физика.

По паралелки учениците го постигнале следниот успех

паралелка	среден успех	паралелка	среден успех
VI-1	3,23	**VII-1**	3,26
VI-2	3,48	**VII-2**	3,58
VI-3	3,49	**VII-3**	3,81
VI-4	3,23	**VII-4**	3,78
VI-5	4,10	**VII-5**	**3,77**

паралелка	среден успех	паралелка	среден успех
VIII-1	3,00	**IX-1**	3,29
VIII-2	3,49	**IX-2**	3,58
VIII-3	3,47	**IX-3**	3,20
VIII-4	4,29	**IX-4**	3,57
VIII-5	4,16		

Споредба на годишен успех во учебната 2020/2021год. со годишен успех во учебната 2021/2022год.

одделение	Во паралелките на македонски наставен јазик		
	Среден успех 2020/2021	Среден успех 2021/2022	Разлика
Четврто-мак	3,89	4,02	+0,13
Петто-мак.	4,06	4,10	+0,04
Четврто-тур.	4,00	3,81	-0,19
Петто-тур.	2,60	3,99	+1,39
шесто	3,52	3,46	-0,06
седмо	3,43	3,64	+0,21
осмо	3,08	3,60	+0,52
деветто	3,44	3,43	-0,01
вкупно	3,50	3,76	+0,26



Табела3. Споредба на годишен успех во учебната 2020/2021год. со годишен успех во учебната 2021/2022год.

Споредувајќи го овој годишен успех со годишниот успех од минатата учебна година можеме да заклучиме дека незначително намалување на успехот има во деветто и шесто одд.,како и во четврто одд на македонски наставен јазик, додека во останатите одделенија има зголемување на успехот.

Редовност и поведение на учениците:

Во текот на од прво до петто одделение кои следат настава на македонски наставен јазик од оправдани причини изостанале 7812 часови , а од неоправдани причини изостанале 2837 часови. Учениците кои следат настава на турски наставен јазик направиле 1483 оправдани изостаноци.Од шесто до деветто одд. има вкупно 16705 изостаноци , од кои 11896 оправдани а 4809 неоправдани.

Табеларен и графички приказ на оправдани и неоправдани изостаноци по одделенија на македонски и турски наставен јазик

Одд.	Во паралелки на македонски наставен јазик			Во паралелки на турски наставен јазик		
	оправдани	Неоправдани	вкупно	оправдани	Неоправдани	вкупно
Прво	1012	210	1222	286	99	385
Второ	3027	751	3778	374	10	384
Трето	1231	/	1231	243	89	332
Четврто	1521	1862	3383	471	10	481
Петто	1021	14	1035	109	24	133
Прво-петто	**7812**	**2837**	**10649**	**1483**	**232**	**1715**
шесто	6217	2442	8659			
Седмо	2164	853	3017			
Осмо	2244	696	2940			
деветто	1271	818	2089			
Шесто-деветто	**11896**	**4809**	**16705**			



Табела4. Во паралелки на македонски наставен јазик



Табела5. Во паралелки на турски наставен јазик

3.Учење и настава

Планирање на наставниците

Наставниот кадар ја подобрува својата стручност преку семинари и обуки. Резултатите се видливи при планирањето и реализирањето на наставата. Во годишните,тематските и дневните планирања:

- прецизно се дефинирани целите,
- зголемен е бројот на постапки / инструменти за следење на постигнувањата на учениците,
- се практикуваат активни форми на наставата
- постои диференцирани цели за учениците со посебни образовни потреби
- се задаваат домашни задачи со доследна примена на упатсвото за домашни задачи
- се применуваат техниките од јазичната и математичката писменост

На почетокот на учебната година наставниците кои ќе реализираат настава во прво и четврто одделение следеа семинар за реализација на новата наставна програма .

Наставниците активно се вклучуваат во сите понудени вебинари и обуки од страна на БРО и МОН.

Наставниците од одделенска и предметна настава реализираат активности од проектот Отворен ден за граганско образование , координатор наставник наце Тушев во соработка со стручната служба во училиштето.

Наставен процес

При реализација на воспитно образовниот процес сите ученици подеднакво се третирани без оглед на полот, етничката припадност, социјалното потекло. Диференцијата на учениците се прави врз основа на потребите на учениците во брзината на напредување, техниките на учење, здравствените потреби, особеностите кои произлегуваат од личноста на ученикот..

Оваа учебна година согласно препораките наставата се реализира со физичко присуство почитувајќи ги препораките од министерството за здравство и министерството за образование.

Воннаставни активности

Во текот на учебната година се реализираа поголем број воннаставни активности**:**

Отворен ден по граѓанско образование

Слика1. Отворен ден по граѓанско образование

Слика2. Отворен ден по граѓанско образование

Ден на мајчиниот јазик

Слика3. Ден на мајчиниот јазик

Слика4. Ден на мајчиниот јазик

Ден на математиката

Слика5. Ден на математиката

Слика6. Ден на математиката

Задоволување на потребите на учениците

Училиштето ги идентификува индивидуалните потреби на учениците преку:
- Следење на постигањата на учениците во наставата, усмерување на техниките на учење, повратна информација за напредокот и давање на насоки за подобрување на постигањата,
- Учество на учениците на конкурси и натпревари,
- Реализација на дополнителна настава за учениците кои имаат потреби во совладување на наставниот материјал,
- Прилагодување на наставата кон учениците со посебни потреби,
- Советодавно – консултативни разговори со ученици според потребите,,
- Вештини на живеење – час на одд. раководител.

Известување на напредокот на учениците

Успехот, изостаноците и поведението на учениците редовно се следи од одделенскиот раководител и стручната служба. За сите постигања на учениците, успехот и поведението постојано се обезбедуваат повратни информации:
- Усна и писмена повратна информација од наставникот за ученикот(телефонски ,Teams,месеџер)
- Одржани редовни родителски средби,
- Информации пред Совет на родители и Училишен одбор,
- Информации за локалната самоуправа, МОН, БРО на РМ.

Поддршка на учениците

Грижа за здравјето на учениците:

Со цел учениците да градат здрави навики и вредности, училиштето превзема континуирани активности сообразни со возраста на учениците.

На почетокот на учебната година од страна на вакционо одделение Струмица е доставена информација за вакциналниот статус на учениците од прво до деветто одделение. За учениците од прво одделение се доставени потврди за стоматолошкиот статус и за истите е реализиран системетски преглед од страна на стоматолог од Медицински центар Струмица.Учениците од деветто одделение ја примија задолжителната вакцина –тетанус и за истите ученици беше реализиран систематски преглед.

Ученички екскурзии

Во текот на учебната година се реализирани полудневна есенска и пролеттна прошетка до блиското игралиште.

Натпревари

Учениците и наставниците од нашето училиште земаа активно учество во натрпреварите организирани од училиштето и од други акредитирани здруженија.

Р.бр	Име и презиме	Одд.	Награда	Вид на натпревар	Наставен предмет	ментор
1.	Александар Илиев	второ	пофалница	училишен	Македонски јазик	Л.Иванова
2.	Александар Јанев	трето	Трето место	регионален	Македонски јазик	С.Илиева
3.	Филип Митев	петто	Трето место	општински	математика	А.Костадинова
4.	Филип Митев	петто	Трето место	регионален	математика	А.Костадинова
5.	Филип Митев	петто	Трето место	општински	Природни науки	Ј.Донева
6.	Филип Митев	петто	Трето место	Регионален	Природни науки	Ј.Донева
7.	Здравко Глигоров	петто	Трето место	регионален	Македонски јазик	А.Костадинова
8.	Васко Глигоров	петто	Трето место	регионален	Ликовно	С.Горгиева
9	Васко Глигоров	петто	Трето место	регионален	Ликовно	С.Горгиева
10	Анастасија Митева	трето	Прва награда	училишен	македонски	Е.Пелтечка
11	Анастасија Митева	трето	Прва награда	регионален	македонски	Е.Пелтечка
12	Дарија Димитриева	Шесто	второ		Географија	К.Гоџиров
13	Цеце Атанасова	Шесто	Трета награда	Општински	Природни науки	Ј.Донева
14	Цеце Атанасова	Шесто	Трета награда	Општински	Природни науки	Ј.Донева
15	Цеце Аатанасова	шесто	второ	општински	Географија	К.Гоџиров
16	Цеце Аатанасова	шесто	трето	регионален	Географија	К.Гоџиров
17	Филип Стојков	шесто	прво-трето	Општ.-рег.	ФЗО-одбока	А.Хасанова
18	Филип Стојков	шесто	прво-трето	Општ.-рег	ФЗО-фудбал	А.Хасанова
19	Борис Стојанов	шесто	прво-трето	Општ.-рег.	ФЗО-одбока	А.Хасанова
20	Ангеле Кралев	шесто	прво-трето	Општ.-рег.	ФЗО-одбока	А.Хасанова
21	Глигор Николов	шесто	прво-трето	Општ.-рег	ФЗО-фудбал	А.Хасанова
22	Глигор Николв	шесто	Прво-трето	Опш-рег.	ФЗО-ракомет	А.хасанова
23	Тања Јанева	седмо	Трето-трето	Општ.-рег.	Биологија	Ј.Донева
24	Мила Василева	седмо	Трето-трето	Општ.-рег.	Биологија	Ј.Донева
25	Данче Василевска	седмо	Трето-второ-п	Опш-рег-држ	Биологија	Ј.Донева
26	Теа Ангелова	седмо	прво-прво-второ	Опш-рег-држ	Биологија	Т.Китановски
27	Теа Ангелова	седмо	Второ-трето	Рег.-државно	Математика	П.Димитриева
28	Моника Бачева	седмо	Второ-трето	Опш.-рег	Биологија	Т.Китановски
29	Анита Ѓоргиевска	осмо	Трето-пофал	Опш.-регион.	Биологија	Т.Китановски
30	Изабела Лазарова	осмо	Второ-трето	Опш.-регион	Биологија	Т.Китановски

31	Кире Ангелов	осмо	трета	општински	Математика	М.Костуранова
32	Марија Иванова	осмо			математика	М.Костуранова
33	Ристе Ристов	шесто	прво	општинско	ФЗО-футсал	А. Хасанова и З. Атанасов
34	Јасин Мустафов	седмо	прво	општинско	ФЗО-футсал	А. Хасанова и З. Атанасов
35	Вагдет Демов	осмо	прво	општинско	ФЗО-футсал	А. Хасанова и З. Атанасов
36	Енгин Мустафов	осмо	прво	општинско	ФЗО-футсал	А. Хасанова и З. Атанасов
37	Ведат Исинов	осмо	прво	општинско	ФЗО-футсал	А. Хасанова и З. Атанасов
38	Фатих Асанов	осмо	прво	општинско	ФЗО-футсал	А. Хасанова и З. Атанасов
39	Трајче Димитриев	осмо	прво	општинско	ФЗО-футсал	А. Хасанова и З. Атанасов
40	Гоне Минков	осмо	прво	општинско	ФЗО-футсал	А. Хасанова и З. Атанасов
41	Ерен Мустафов	седмо	прво	општинско	ФЗО-футсал	А. Хасанова и З. Атанасов
42	Рамиз Мустафов	осмо	прво	општинско	ФЗО-футсал	А. Хасанова и З. Атанасов
43	Иљмас Асанов	осмо	прво	општинско	ФЗО-футсал	А. Хасанова и З. Атанасов
44	Борис Стојанов	шесто	трето	регионално	ФЗО-одбојка	А. Хасанова и З. Атанасов
45	Глигор Стојанов	седмо	трето	регионално	ФЗО-одбојка	А. Хасанова и З. Атанасов
46	Панче Јованов	седмо	трето	регионално	ФЗО-одбојка	А. Хасанова и З. Атанасов
47	Александар Илиев	седмо	трето	регионално	ФЗО-одбојка	А. Хасанова и З. Атанасов
48	Блаже Иванов	осмо	трето	регионално	ФЗО-одбојка	А. Хасанова и З. Атанасов
49	Антонио Горгиев	осмо	трето	регионално	ФЗО-одбојка	А. Хасанова и З. Атанасов
50	Дани Веселинов	осмо	трето	регионално	ФЗО-одбојка	А. Хасанова и З. Атанасов
51	Фатих Асанов	осмо	трето	регионално	ФЗО-одбојка	А. Хасанова и З. Атанасов
52	Ерен Мустафов	деветто	прво	општинско	ФЗО-футсал	А. Хасанова и З. Атанасов
53	Рамис Мустафов	шесто	трето	регионално	ФЗО-одбојка	А. Хасанова и З. Атанасов
41	Ненад Панев	деветто	трето	меѓуопштнско	ФЗО-ракомет	З. Атанасов
42	Ерен Мустафов	деветто	трето	меѓуопштнско	ФЗО-ракомет	З. Атанасов
43	Илмаз Асанов	деветто	трето	меѓуопштнско	ФЗО-ракомет	З. Атанасов
44	Трајче Димитриев	осмо	трето	меѓуопштнско	ФЗО-ракомет	З. Атанасов
45	Рамиз Мустафов	деветто	трето	меѓуопштнско	ФЗО-ракомет	З. Атанасов
46	Фатих Асанов	осмо	трето	меѓуопштнско	ФЗО-ракомет	З. Атанасов
47	Петре Василев	осмо	трето	меѓуопштнско	ФЗО-ракомет	З. Атанасов

48	Гоне Минков	осмо	трето	меѓуопштнско	ФЗО-ракомет	З. Атанасов
49	Љупче Атанасов	осмо	трето	меѓуопштнско	ФЗО-ракомет	З. Атанасов
50	Кире Анѓелов	осмо	трето	меѓуопштнско	ФЗО-ракомет	З. Атанасов

Советодавна помош на учениците

Стручните соработници реализираат работилници, индивидуално-советодавна работа со ученици, наставници и родители на прашања за мотивирање на учениците, помош во учењето, здравствена едукација и сл..

За вкупно 128 родители се испратени покани за родители по различен основ.

Во соработка со наставниците, реализирани се советодавно консултативни разговори со родители чии деца се нередовно вклучени во наставата и покажале послаб училишен успех (вкупно 93 родители) .

Подетално активностите од ова подрачје се опишани во извештајот за работа на училишниот психолог.

Следење на напредокот

Напредокот на учениците се евидентира редовно. Секој наставник за постигнувањето на учениците води евидентен лист според дефинираните критериуми. За успехот и поведението редовно се информираат родителите.

5. Етос

Взаемното работење е основа на односите меѓу наставниците, учениците родителите и локалната самоуправа..

По повод Новогодишните празници од локалната самоуправа беа поделени пригодни пакетчиња за учениците од прво одд.

Соработка со локалната средина

Одделенските раководители во текот на учебната реализираа по четири родителски средби и повеќе индивидуални контакти со родителите на учениците кои имаат проблеми со дисциплината и редовноста во наставата.

.

Ученички парламент:

Ученичкиот парламент на ниво на училиште е формиран и работи по изготвена програма и во текот на прво полугодие се одржани три состаноци.

Координатори на ученичкиот парламент се наставниците Марија Вучкова и Марија Костуранова.

На состанокот се избра и претседател на Ученичкиот парламент.За претседател на Ученичкиот парламент се избра ученичкатаМарија Иванова.Исто така се избра и заменик претседател,секретар и записничар.За заменик претседател се избра ученичката Анита Георгиевска,за секретар ученичката Мелани Трајанова ,а за записничар Теа Ангелова.

На состаноците се дискутираше за успехот, поведението на учениците и за хуманитарни акции.

За ученик правобранител е избрана ученичката Теа Ангелова , а за нејзини заменици Мартина Костадинова и Марија Ѓоргиева .

6. Ресурси

Училиштето во Василево располага со 15 училници , кабинет по информатика и техничко образование, наставна канцеларија , канцеларии за стручните соработници, библиотека и фискултурна сала. Во ПУ во населените места Дукатино, Радичево, Сушево, Владевци наставата се одвива во 3 училници, во ПУ во Едрениково и Седларци во две класични училници, додека пак во ПУ во Ангелци наставата се реализира во 6 училници.

Матичното училиште во Василево и ПУ во Ангелци работи во две смени, а во останатите подрачни училиште секоја паралелка има своја училница..

Наставата по задолжителни предмети ги реализираат соодветните наставници , а за сите ученици од прво до деветто одделение се обезбедени бесплатни учебници

Наставни средства и материјали

Во однос на материјално-техничките услови училиштето е опремено со мебел и инвентар, делумно е опремен со нагледни средства и технички помагала како опрема, но цениме дека за поквалитетна настава и како резултат на промените кои што следеа и следат во целост ќе ги задоволуваат условите и потребите во однос на нивната адекватност, функционалност, современост и употребливост

Ученици

Наставата во ООУ Гоце Делчев, Василево започнаа да ја следат **677** ученици распоредени во **19** паралелки предметна настава и **35** паралелки во одделенска настава од кои 11 паралеки се комбинирани со две или три одделенија. Во текот на учебната година училиштето го напуштиле 38 ученици,а придошле 3 ученици за да на

крајот останат вкупно **640** ученици. Од вкупниот број ученици **88** ученици наставата ја следат на турски наставен јазик во ПУ Ангелци. Бројот на ученици од година во година постојано се намалува.

Бројна состојба на учениците по одделенија и наставен јазик

Македонски јазик	Запишани ученици во почетокот на годината			Напуштиле во текот на учебната година			Придошле во текот на учебната година			Останале на крајот на учебната година		
	м	ж	се	м	ж	се	м	ж	се	м	ж	се
прво	20	33	53	3	/	3	1	1	2	18	34	52
второ	33	31	64	2	6	8				31	25	56
трето	31	32	63	3	3	6				28	29	57
четврто	32	39	71	1	2	3				31	37	68
петто	26	27	53	2	2	4		1	1	24	26	50
вкупно	142	162	304	11	13	24	1	2	3	132	151	283
шесто	47	40	87		3	3		1	1	47	38	85
седмо	33	55	88		4	4				33	51	84
осмо	35	34	69	2	2	4				33	32	65
деветто	20	18	38	2	1	3				18	17	35
Шесто- деветто	135	147	282	4	10	14		1	1	131	138	269
вкупно	277	309	586	15	23	38	1	3	4	263	289	552

турски јазик	Запишани ученици во почетокот на годината			Напуштиле во текот на учебната година			Придошле во текот на учебната година			Останале на крајот на учебната година		
	м	ж	се	м	ж	се	м	ж	се	м	ж	се
прво	17	6	23	1		1				16	6	22
второ	6	11	17	1		1				5	11	16
трето	6	8	14							6	8	14
четврто	6	7	13							6	7	13
петто	9	15	24		1	1				9	14	23
вкупно	44	47	91	2	1	3				42	46	**88**

Наставници

Наставата од прво до деветто одделение ја реализираат вкупно **76** наставници од кои **36** во одделенска настава , а 5 наставници реализираат настава во турски паралелки . На турски наставен јазик во Подрачното училиште во Ангелци наставата ја реализираат вкупно 5 наставника од кои 3 наставника се со високо образование

Стручната служба е застапена со психолог,специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар. Административно техничкиот персонал го сочинуваат секретар и благајник.

образование	високо		више		средно		друго		вкупно		се
	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	м	ж	
Одделенска настава	6	26	1	1	1	1			8	28	36
Предметна настава	15	15	5	4				1	20	20	40
вкупно	21	41	6	5	1	1	/	1	28	48	76

7. Раководство, креирање политика

Работа на стручните органи и тела во училиштето

Во текот на учебната година се реализирани 4 состаноци на Одделенските совети, 4 Наставнички Совети

Од страна на директорот е извршена е евалуација на воспитно – образовната работа на училиштето преку:

- посета на часови во матичното и подрачните училишта
- увид во педагошката евиденција и документација
- соработка со родители

Идни активности:

- Намалување на бројот на изостаноци преку поголема комуникација со учениците, родителите и наставниците
- подобрување на успехот на учениците

Директор

/Дејан Стојанов/